ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА
Бр. 02-1105/6
16.12.2015 год.
Охрид

# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

На ЈП „Градски Гробишта" Охрид за 2016 година

## 1. *Основање*

Јавното претпријатие за управување со Градски гробишта Охрид основано е од страна на Советот на Општина Охрид со Одлука бр. 07-2152/20 од 30.08.2010 година. Имајќи го во предвид карактерот на дејностите кои ги врши ЈП „Градски Гробишта" Охрид претставува претпријатие од посебен јавен интерес за Општина Охрид.

## 2. *Работни активности што се извршуваат во ЈП „Градски Гробишта" Охрид*

ЈП „Градски Гробишта" Охрид и во текот на 2016 година ќе се грижи за целосно задоволување на потребите на граѓаните и тоа како за потребите од доделување на право на употреба на гробни места, така и за давање на што е можно поквалитетни услуги од опсегот на опфатените дејности.

Градските гробишта со површина од околу 165.000 м$^2$ се лоцирани на локалитетот „Плитници" на излезот од Охрид. Со проектот „Гробишта" кој се одвива во повеќе фази најпрво се изградени основните потребни објекти, паркинг простор, пристапни патеки, управна зграда, мртовечница, како и голем дел од гробните места.

Гробиштата ги користат граѓаните и од христијанска и од муслиманска вероисповед функционално поделени во соодност на бројот на жители од соодветна вероисповед. Во изградба е објектот „Црква" во која ќе се извршуваат обреди за починати со што ќе се комплетира делот на услуги што се даваат во Градските Гробишта.

Јавното претпријатие за управување со гробишта ЈП „Градски Гробишта" Охрид како единственуправител на градските гробишта во Охрид ги врши следните работи:

- Изготвува план за уредување на гробиштата;
- Изготвува проект за парцелизација и начин на доделување гробно место во согласност со планот и динамиката на реализација на урбанистичкиот план;
- Доделува гробно земјиште;
- Врши изградба, реконструкција, уредување и одржување на гробиштата;
- Води дневник и регистар на сите погребани лица;
- Воспоставува и води евиденција на носител на гробно место;
- Извршување на градежни оперативи: поплочување околу гробните места, лиење фундаменти, изработка на партерни плочки, ивичњаци, украсни ступчиња,ардинерии, бетонски корпи
- Изработка, испишување, монтажа на споменици, полирање на елементи од споменици
- Давање под закуп на простор – ресторан, тезги за свеќи, тезги за цвеќе и паркинг простор (полигон за обука на возачи);
- Хортикултурно одржување и облагородување на парковскиот појас околу гробните места и парковскиот дел и други дејности кои се во склоп на ова јавно претпријатие.

Притоа, претпријатието обезбедува еднакви и недискриминаторски услови за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти на гробиштата на сите физички и правни лица кои имаат дозвола за вршење на погребални услуги, како и на сите физички и правни лица регистрирани за изградба на надгробни споменици.

ЈП „Градски Гробишта" Охрид согласно надлежностите од Законот за гробишта и погребни услуги е подготвено за соработка со сите јавни претпријатија од општините низ Република Македонија кои се занимаваат со иста или слична дејност, како и за поголемо или посериозно учество во одржувањето и уредувањето на гробиштата во селските и приградските средини на општина Охрид во соработка со локалната самоуправа, месните и црковните одбори во истите.

## *3. Дејности*

Претежна дејност на јавното претпријатие, според Националната класификација на дејнсотите е услужни дејности за уредување и одржување на животната средина, а други дејности кои претпријатието ги врши се:

16.10 Пилење и стружење на дрво
16.21 Производство на фурнир и други плочи од дрво
16.29 Производство на останати производи од дрво, производство на предмети од плута, слама и плетраски материјал
23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели
23.62 Производство на производи од гипс за градежни цели
23.63 Производство на готова бетонска смеса
23.64 Производство на малтер
23.65 Производство на влакнест цемент
23.69 Производство на други производи од бетон, цемент и гипс
23.70 Сечење, обликување и доработка на камен
25.11 Производство на метални конструкции и делови на конструкции
25.12 Производствио на метални врати и прозорци
25.61 Обработка и пресвлекување на метали
25.62 Општи машински работи
25.71 Производство на сечила
25.72 Производство на брави и шарки
25.91 Производство на сандаци и слична амбалажа од челик
25.92 Производство на амбалажа за пакување од лесни метали
25.93 Производство на жичани производи, синџири и пружини
25.94 Производство на сврзувачки елементи и завртни машински производи
25.99 Производство на други фабрикувани метални производи, неспоманти на други места
32.99 Останато производство, неспомнато на друго место
33.11 Поправка на фабрикувани производи од метал
33.12 Поправка на машини

33.19 Поправка на останата опрема
33.20 Инсталирање на индустриски машини и опрема
38.32 Обновување на посебно издвоени материјали
41.10 Развој на градежни проекти
41.20 Изградба на станбени и нестанбени згради
42.11 Изградба на патишта и автопат
42.12 Изградба на железници и подземни железници
42.13 Изградба на мостови и тунели
42.21 Изградба на комунални објекти за течности
42.22 Изградба на електрични водови и телекомуникациски линии
42.99 Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место
43.13 Пробно дупчење и сондирање
43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греењев и клима уреди
43.29 Други градежно-инсталатерски работи
43.34 Бојадисување и застаклување
43.39 Останати завршни градежни раБоти
43.91 Дејности на покривни конструкции
68.10 Купување и продажба на сопствен недвижен имот
68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп ( лизинг)
77.11 Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на автомобили и моторни возила од лесна категорија
77.12 Изнајмување и давање под закуп камиони
71.31 Изнајмување и давање под закуп( лизинг) на земјоделски машини и опрема
77.32 Изнајмување и давање под закуп ( лизинг ) на машини и опрема за градежништво и инженерството
77.34 Изнајмување и давање под закуп ( лизинг) на водни сообраќајни средства
77.31 Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на земјоделски машини и опрема.
77.35 Изнајмување и давање под закуп ( лизинг ) на воздушни превозни средства
77.39 Изнајмување и давање под закуп( лизинг) на останати машини, опрема и материјални добра, неспомнати на друго место
79.90 Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив
81.29 Останати услуги на чистење, неспоманти на друго место
81.30 Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина
96.09 Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место

Во извршувањето на дејностите од јавен интерес, ЈП „Градски Гробишта" Охрид ги почитува принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугите, транспарентност, достапност, заштита на корисниците и универзална услуга.

ЈП „Градски Гробишта" Охрид се организира така што дејноста заради која е основано, да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- Техничко – технолошко и економско единство на системот;
- Ефикасност во работењето;
- Усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на општината;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите и
- Самостојност во рамките на системот и функционалната поврзаност во рамките на општината.

### 4. *Организациона поставеност и планирани активности*

Во 2016 година процесот на работа во претпријатието ќе се организира на ниво на сектори и одделенија и тоа:

1. ***Сектор градежништво*** во чии рамки процесот на работа ќе се одвива во три оделенија и тоа:

- "**Одделение за градежни работи**"- во кое ќе се врши изградба и реконструкција на гробишта со придружни објекти, изградба и уредување на улици, патеки и зеленило, производство на градежни елементи и производи од бетон, нискоградба, производство од браварско и столарско занаетчиство и други услуги.

- "**Одделение за хотрикултура и одржување**"- ќе врши одржување на јавната чистота, одржување на улици и придружни патеки, зелени површини, косење, чистење, метење, миење, хортикултурно облагодарување и оплеменување на просторот, одржување на инасталации и други услуги;

- „**Одделение за каменорезачки работи**" – изградба и одржување на надгробни споменици, изработка, обработка и производство на други видови производи од мермер и гранит и други услуги;

2. ***Сектор Финансии*** во чии рамки процесот на работа ќе се одвива во три одделенија и тоа:

- "**Одделение за наплата и услуги**" – ќе врши доделување на гробни места, водење на евиденција за погребани лица, водење евидеција за носителите на гробни места, контрола на организација на погреби и работа на погребалните оператори, комора, капела, фактурирање и наплата на услуги, наплата на фактури, дистрибуција и наплата на фактури, сметки и друго.

- "**Одделение за јавни набавки**" - ќе врши припрема на документација и реализација на сите видови на јавни набавки, евидентирања, набавка на материјали, магацинско работење и друго.

- **"Одделение за сметководствени, комерцијални работи, план и анализа и АОП"** – водење посебно сметководство, изработка на годишни и периодични пресметки, фактурирање, ажурирање на податоци, платен промет, планско аналитички и статистички работи, осигурување и други работи.

3. Во ***Сектор за правни, кадрови и општи работи*** ќе се извршуваат следните активност:

- изготвување на општи акти;
- водење на евиденција околу реализација на кадровската политика;
- застапување на претпријатието пред надлежни органи;
- технички работи околу прием на работници;
- архивски работи;
- социјална политика;
- заштита при работа и други работи.

Во текот на 2016 година се планираат и активности од областа на безбедноста и здравје при работа. За таа цел ќе се извршуваат разни работни задачи во врска со набљудување, спроведување и контрола на мерките за безбедна работа и здрава работна средина пропишани со Законот за безбедност и здравје при работа во врска со непречено и нормално работење на ЈП „Градски Гробишта" Охрид, како и почитување на транспарентноста при работа со Законот за јавни набавки.

Приоритетни задачи за 2016 година на ЈП „Градски Гробишта" Охрид, доколку постојат финансиски можности се следните:

1. Долгорочен закуп на земјиште заради оформување на нови гробни парцели (постапка која што веќе се започната во смисла на доставена потребна документација до надлежните органи на Локалната Самоуправа Охрид.
2. Водоводно решение за ново гробно поле и проширување на водоводната мрежа во муслиманскиот дел доколку постојат услови и можности
3. Електрификација на градските гробишта доколку постојат услови и можности и
4. Канализациона мрежа за дождовни води доколку постојат услови и можности.

| **Табеларен преглед на очекувани приходи за 2016 година** | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Износ** |
| 1. | Приходи од доделување на гробни места | 6.000.000,оо ден. |
| 2. | Приходи од такса за гробарина | 5.000.000,оо ден. |
| 3. | Приходи од монтажа на споменици | 200.000,оо ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Приходи од услуга – поплочување и нивелирање | 750.000,оо ден. |
| 5. | Приходи од услуга за монтажа на клупи и даски | 50.000,оо ден. |
| 6. | Приходи од влез за монтажа на споменици | 300.000,оо ден. |
| 7. | Приходи од капела, комора и инфраструктура | 1.500.000,оо ден. |
| 8. | Приходи од надворешни услуги | 10.000.000,оо ден. |
| 9. | Приходи од фундаменти и поплочување околу гробно место | 2.500.000,оо ден. |
| 10. | Приходи од наемнина на ресторан | 1.600.000,оо ден. |
| 11. | Приходи од наем на тезги за цвеќе | 846.000,оо ден. |
| 12. | Приходи од полигон за обука на возачи | 350.000,оо ден. |
| 13. | Приходи од наем на тезги за продажба на свеќи | 96.000,оо ден. |
| 14. | Приходи од отужени комитенти | 500.000,оо ден. |
| 15. | Приходи од камати за ненавремено плаќање | 250.000,оо ден. |
| **ВКУПНО** | | **29.942.000,оо ден.** |

| **Табеларен преглед на очекувани расходи за 2016 година** | | |
|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Износ** |
| 1. | Трошоци за суровини и материјали (градежни материјали) | 7.000.000,оо ден. |
| 2. | Бруто плати за вработените | 15.500.000,оо ден. |
| 3. | Канцелариски материјали | 200.000,оо ден. |
| 4. | Трошоци за репроматеријали, суровини (железарија) | 250.000,оо ден. |
| 5. | Средства за хигиена | 50.000,оо ден. |
| 6. | Хортикултурно одржување | 200.000,оо ден. |
| 7. | Електрична енергија | 700.000,оо ден. |
| 8. | Горива, мазива за патнички и работни машини | 500.000,оо ден. |
| 9. | Трошоци за резервни делови, материјали за одржување на возила и работни машини | 450.000,оо ден. |
| 10. | Трошоци за поштенски услуги, телефон и интернет | 180.000,оо ден. |
| 11. | Трошоци за наем на деловен простор | 40.000,оо ден. |
| 12. | Комунални услуги | 120.000,оо ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Надоместок за членови на Управен и Надзорен Одбор | 650.000,оо ден. |
| 14. | Трошоци за репрезентација | 100.000,оо ден. |
| 15. | Банкарски провизии | 100.000,оо ден. |
| 16. | Интелектуални услуги (нотарски, адвокатски, сметководство, консалтинг, итн) | 1.000.000,оо ден. |
| 17. | Трошоци за камати | 100.000,оо ден. |
| 18. | Набавка на компјутери и компјутерска опрема | 200.000,оо ден. |
| 19. | ХТЗ Опрема | 300.000,оо ден. |
| 20. | Софтвер и одржување | 100.000,оо ден. |
| 21. | Систематски преглед | 60.000,оо ден. |
| 22. | Набавка на опрема, машини (работни машини – косилици и тримери) и резервни делови за машини | 300.000,оо ден. |
| 23. | Услуга од градежни машини | 400.000,оо ден. |
| 24. | Осигурување на имот | 100.000,оо ден. |
| 25. | Телефонска централа | 60.000,оо ден. |
| 26. | Видео надзор | 200.000,оо ден. |
| 27. | Централно парно греење | 200.000,оо ден. |
| 28. | Трошоци по извршни решенија | 100.000,оо ден. |
| 29. | Трошоци за реклама и рекламни материјали | 150.000,оо ден. |
| **ВКУПНО** | | **29.310.000,оо ден.** |

ЈП „Градски Гробишта" Охрид
Директор
Дипл. инг. Симоноски Зоран